Асистент на сектор маркетинг и координатор на маркетинг активности

Ако уживате во организирањето и ве мотивира кога една идеја ќе стане успешно завршен проект, сакаме да ве запознаеме.

Бараме личност што ќе помогне активностите на секторот да се одвиваат организирано и навреме. Ќе бидете во тек со кампањите, ќе ги поврзувате колегите и соработниците и ќе се грижите договорените задачи да добијат своја реализација.

Вашето секојдневие ќе вклучува:

- Организирање на календарот, состаноците и дневните обврски на секторот.
- Следење на задачите и роковите во секторот, според договорените приоритети.
- Координација со маркетинг тимот, другите сектори, агенциите и надворешните соработници.
- Подготовка на агенди, кратки записници и прегледи за напредокот на активностите.
- Поддршка при реализација на кампањи, настани и маркетинг проекти.
- Навремено препознавање на застои и следење на договорените чекори за нивно решавање.

Ќе се вклопите во оваа улога ако:

- Сакате јасни планови и добро се снаоѓате кога приоритетите се менуваат.
- Комуницирате јасно и лесно соработувате со различни луѓе.
- Преземате иницијатива и внимавате на деталите.
- Добро работите со MS Office и АИ алатки
- Постапувате одговорно и дискретно со доверливи информации.

Искуство во организација, администрација или маркетинг е предност, како и образование од областа на маркетингот и познавање дигитални алатки.

Што ве очекува?

Работа одблиску и вклученост во разновидни проекти, од првичната идеја до реализацијата. Нудиме конкурентни услови, можност за учење и професионален развој.

Локација: Велес

Испратете CV на **vrabotuvanje@zito.com.mk**, со назнака **„ Асистент на сектор маркетинг и координатор на маркетинг активности“**.